Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 февруари 2021 година

Скопје, февруари 2021 година

## З А П И С Н И К
## од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија започна во 17:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, , Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финанси.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Мила Царовска, министер за образование и наука и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

### Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

### Точка 3

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |